РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. УП 18-651
02-10-2018 2018 година
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/15, 192/15, 53/16 и 120/2018), член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), постапувајќи по барањето на Друштво за сертификација на производи, процеси и услуги КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, министерот за економија донесе:

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ОЦЕНА И ПОТВРДА НА ПОСТОЈАНОСТ НА СВОЈСТВАТА

1. СЕ именува Друштво за сертификација на производи, процеси и услуги КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, за вршење дејност на оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, односно сертификација на градежни производи, почетна контрола на системот на фабричка контрола, континуиран надзор, оцена и евалуација на системот на фабричка контрола за систем на оцена 2+ согласно опсегот на акредитација:

- агрегати и
- бетон.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Друштво за сертификација на производи, процеси и услуги КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, со седиште ул. Димо Хаџи Димов бр.40 А-1-В – Скопје – Кисела Вода, застапувано од Управител Даниел Трајковиќ, поднесе барање за издавање на Решение за именување на тело за оцена и потврда на постојаност на својствата.

Друштво за сертификација на производи, процеси и услуги КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, кон барањето ги поднесе следните документи:

- Потврда за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Македонија со број: 0809-50/150120180049338 од 03.09.2018 година;

- Тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Македонија бр. 0805-50/150120180047296 од 20.08.2018 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија бр. 0904-50/150120180047875 од 22.08.2018 година;

- Полиса за осигурување од професионална одговорност од дејноста за пријавени и настанати штети во времетраење на осигурувањето бр. 130330000816/00 со важност на осигурување до 18.05.2019 година од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ;

- Договор за закуп на недвижна ствар – Деловен простор бр.01/18 од 05.01.2018 година со важност до 05.01.2019 година;

- Договор за деловна соработка на лицето Ана Бранковиќ Јовановиќ, дипл. правник за вршење на работи во постапката на оцена и потврда на постојаност на својствата (сертификација) на градежните производи за трето лице;

- Договор за деловна соработка на лицето Багашов Усаин, дипл. инженер геолог за вршење на работи во постапката на оцена и потврда на постојаност на својствата (сертификација) на градежните производи за трето лице;

- Договор за деловна соработка на лицето Блаже Дуковски, дипл. градежен инженер за вршење на работи во постапката на оцена и потврда на постојаност на својствата (сертификација) на градежните производи за трето лице;

- Договор за деловно-техничка соработка со Деловен систем АДИНГ АД – Скопје – Централна лабораторија АДИНГ бр.19/03/4 од 20.04.2018 година;
- Изјави за доверливост и непристрасност во работењето од: Ана Бранковиќ Јовановиќ, дипл. Правник, Багашов Усаин, дипл. инж. геолог и Блаже Дуковски, дипл. град. инж.;
- Одлука за именување на членови на Комисија за заштита на непристрасност во работењето бр.КЦ-090-001-03;
- Процедура за управување со непристрасност бр.КЦ-090-001;
- Механизам за заштита на непристрасност на КОНТРОЛ ЦЕРТ бр.КЦ-090-001-02;
- Изјава за непристрасност од КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ – Скопје бр.КЦ-090-001-01;

- Одлука за формирање на одбор за квалитет: Ана Бранковиќ Јовановиќ – менаџер за сертификација; Багашов Усаин, – Водител на сертификација и Даниел Трајковиќ – Раководител на системот за уредување со квалитет/сертификација.

- Сертификат за акредитација бр. СТ-015 издаден на 22.08.2018 година, со важност до 21.08.2022 година, на КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, акредитиран од Институтот за акредитација на Република Македонија согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012. Прилог кон сертификатот за акредитација на тело за сертификација на производи е опсегот на акредитација.;

- Изјави за полна морална, материјална и кривична одговорност при работењето од Ана Бранковиќ Јовановиќ, Багашов Усаин, Блаже Дуковски и Даниел Трајковиќ.

Друштвото за сертификација на производи, процеси и услуги КОНТРОЛ ЦЕРТ ДООЕЛ - Скопје, треба да го известува Министерството за економија за условите од членот 35 ставите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8,) (9), (10), (11,) (12), (13), (14), (15) и (16) и член 41 од Законот за градежните производи, најдоцна 30 дена од денот на престанување на исполнување на условите.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

ДОСТАВЕНО ДО:

- подносител на барањето
- архива

Изработил: Љубомир Митров
Контролирал: д-р Борка С. Герасимовска,
Билјана Мицковска
Согласен: Блерим Златку
Одобрил: Зоран Павловски, државен секретар